**20180881743**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеа 3, член 29 став (3) и член 31 став (3) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2014, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), директорот на Агенцијата за електронски комуникации, на ден 3.5.2018 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТКА НА ГОДИШНИОТ НАДОМЕСТОК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на радиофреквенции („Службен весник на Република Македонија“ број 161/2014 и 55/2017) во член 3 во воведната реченица по зборовите “радиофреквенциски опсег“ се става запирка и се додава зборот “поларизација”.

Во точка 2 во формулата бројот “3” се заменува со бројот “5”.

Член 2

Во член 5 став 2 зборовите во заградата “FM, MF и HF“ се заменуваат со зборовите “ LM. ML и HL“.

Член 3

Во член 6 став 1 се додава нова точка 6 и гласи:

“-за комплементарна земска компонента:

Complementary Ground Component (CGC) 7500“

Член 4

Во член 7 Табелата се менува и гласи:

| За радиостаница | Бодови |
|---|---|
| на земја | 14 |
| во воздухоплов со максимална полетна маса до 5700 kg | 14 |
| во воздухоплов со максимална полетна маса од 5700 kg до 27000 kg | 200 |
| во воздухоплов со максимална полетна маса над 27000 kg | 350 |
| за навигација, идентификација, одредување на положба, сигнализација и др | 14 |
| на пловен објект | 7 |

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

По влегувањето во сила овој правилник ќе се објави на веб страната на Агенцијата.

Бр. 0101-772/6
3 мај 2018 година
Скопје

Директор,
**Сашо Димитријоски,** с.р.